# Македонско-француско пријателство во Стразбур

**Македонскиот амбасадор при Советот на Европа, Петар Поп Арсов организираше прием во чест на здружението Алзас – Македонија (АЛМА) за развивање на француско – македонската соработка и пријателство.**



Приемот беше отворен со поздравен говор од амбасадорот Арсов, во присуство на македонските парламентарци Александар Николоски, Имер Алиу и Ермира Мемети – Деваја кои се претставници на Република Македонија во Парламентарното собрание при Советот на Европа.

На приемот беа присутни и Мирјана Лазарова-Трајковска, судија во Европскиот суд за човекови права, како и претставници од градот Стразбур: Мишел Зејлер, Кристијан Спири и Андре Бушман, потпретседател на Урбаната заедница на Стразбур и член на Конгресот за локална и регионална власт при Советот на Европа.

Претседателот на здружението АЛМА, Жак Шлеф се осврна на реализираните активности во минатата година, како и оние што се планирани за следниот период.

Поетесата Силви Реф ги сподели импресиите од својот престој во Македонија и го заокружи

својот настап со рецитал на баладата за Ленка од Кочо Рацин, на француски и македонски јазик.

Целта на француско-македонскиот собир беше создавање на можноста да се дискутира во една пријателста атмосфера за теми кои ќе придонесат за продлабочување и зацврстување на пријателството и соработката во многу домени меѓу Франција и Македонија, како и за реализирање на различни проекти, чиј носител е здружението АЛМА, со поддршка на Постојаната мисија на Република Македонија при Советот на Европа.